Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-756/1 од 14.02.2025 година, со наводи за исплата на средства од буџетската сметка на Општинското средно медицинско училиште „------" – -----, без при тоа да биде спроведена постапка за јавна набавка, **СЕ ЗАПИРА**.

Од утврдената фактичка состојба ДКСК оцени дека постои сомневање за постапување спротивно на одредбите од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија, бр.24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.87/21 и 14/25) поради што ќе покрене иницијатива за поведување постапка за кривично гонење до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-756/1 од 14.02.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 14.02.2025 година, поднесена е пријава со наводи за исплата на средства од буџетската сметка на Општинското средно медицинско училиште „------" – ------, без при тоа да биде спроведена постапка за јавна набавка, по што е оформен е предмет број 12-756/1 од 14.02.2025 година.

Предметните наводи се однесуваат на тоа дека од страна на В.Д. директорот на посоченото училиште, на ден --.--.2024 година била извршена исплата во износ од ------- денари, без да биде спроведена постапка за јавна набавка. Во продолжение во пријавата е споделен линк од веб страната open.finance.gov.mk , за кој како што е наведено претставува доказ за извршената исплата.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК изврши проверка на јавно достапните податоци од веб страната open.finance.gov.mk, по што беше утврдено дека посоченото училиште има извршено исплата на средства во износ од ----- денари кон правниот субјект „--------" ДООЕЛ ------. Исто така беше извршена и проверка во јавно достапните информации на Електронскиот систем за јавните набавки, при што беше утврдено дека ОСМУ „--------"- ------ нема склучено договор со правниот субјект -------- ДООЕЛ ------, врз основа на претходно спроведена постапка за јавна набавка.

Поради наведеното, ДКСК се обрати до училиштето, при што беше побарана следната документација: Извод од трансакциската сметка на училиштето за ден 23.12,2024 година, фактура/договор/акт за извршената исплата од ------- денари и информација за правен основ за склучување на договорот, односно за вршењето на исплатата.

По добивањето на документацијата утврдена е следната фактичка состојба:

На ден --.--.2024 година бил склучен Договор за соработка помеѓу ОСУ „------" - ------, застапувано од директорот ------- и ИК „-------" – ------, претставувано од ------- – директор, заведен со број ---/2024-5 од --.--.2024 година.

Предмет на договорот е снабдување на библиотеката на ОСУ „------" - ----- со лектири и други книги за читање, а уредено е дека набавката ќе се реализира врз основа на Понудата бр.--/2024-5 и дека училиштето ќе треба да изврши уплата во износ од ------ денари, по целосна реализација на набавката, и тоа најдоцна до крајот на декември 2024 година.

Во прилог доставена е фактура со број --/2024-5 од --.--.2024 година, во која се содржани насловите на испорачаните лектири и во која е утврдена фактурираната вредност од ------ денари.

Видно од доставениот Извод број -- од ден --.--.2024 година, а кој се однесува на ОСУ „------" - -----, се констатира дека од трансакциската сметка на училиштето е извршена исплата на средства на трансакциската сметка на „-----" ДООЕЛ ----- во износ од ------ денари.

Во дадениот одговор не е наведено за евентуално спроведена постапка за јавна набавка од страна на училиштето.

Согласно член 40 став (1) точка а) алинеја 1 од Законот за јавните набавки *(„Службен весник на Република Македонија, бр.24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.87/21 и 14/25)* одредбите на овој закон се применуваат на постапките за јавни набавки и на конкурсите за избор на идејно решение чија проценета вредност без данокот на додадена вредност во класичниот јавен сектор е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение. Имајќи ја предвид оваа одредба, изворот и износот на средства за набавените стоки, како и природата на стоките кои биле набавени В.Д. директорот во својство на одговорно лице кај договорниот орган бил должен да го примени Законот за јавните набавки, односно да спроведе една од постапките за јавни набавки предвидени во членот 47 од Законот за јавните набавки.

Воедно, со ваквото постапување повредени се и основните начела на Законот за јавните набавки, односно член 4 од законот кој го уредува начелото на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства и член 5 од истиот закон кој го уредува начелото на конкуренција помеѓу економските оператори.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека во пријавениот случај е постапено спротивно на горецитираните одредби од Законот за јавни набавки поради што ќе покрене иницијатива за поведување постапка за кривично гонење до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р., К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш.,Член на ДКСК